## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО КЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА 1" ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ИВОНА КОВАЧЕВСКА И АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р НАТАША ДЕНКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-247/26 од 151. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на ден 27.10.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– ***вон. проф. д-р Лидија Поповска***, Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
– ***вон. проф. д-р Златко Георгиев***, Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис ***„ПРАКТИКУМ ПО КЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА 1" од проф. д-р Ивона Ковачевска – вонреден професор и м-р д-р Наташа Денкова - асистент докторанд,*** наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма ***Дентална медицина*** на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински наукиго поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:**Практикумот по Клиничка кариологија 1 ги содржи практичните наставни единици кои се реализираат на клиничките вежби по предметот Клиничка кариологија 1, во шести семестар, со фонд на часови 1+3+1, и четири кредити. Во него концизно се класифицирани и опфатени наставните содржини предвидени со студиската програма за практичната клиничка пракса која се реализира на вежбите по Клиничка кариологија 1. Исто така, по секоја практична наставна единица се предвидени прашања за тестирање и рекапитулација на содржината.

**Податоци за обемот ракописот:** Приложениот ракопис – Практикум по Клиничка кариологија 1 содржи 115 страници, конципирани во 12 практични наставни единици, кои потполно кореспондираат со наставните содржини на клиничките вежби по предметот Клиничка кариологија 1, со фонд на часови 1+3+1, во релација со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот за Практикум по Клиничка кариологија 1, во моментот, во Република Македонија претставува единствен од овој вид. До сега не е објавен сличен ракопис и ова претставува прво вакво дело, со кое ќе им се помогне на студентите да се подготват теоретски и практично за нивните клинички вежби на пациенти ги реализираат зададените наставни единици.

**Краток опис на содржината:**

Во ***првата практична наставна единица*** која има воведен карактер, авторите се задржуваат на основните елементи во стоматолошката ординација, како стоматолошкиот стол, терапевтскиот стол, систем за осветлување, помошни делови и друго. Во ова поглавје се наведува и поставеноста на терапевтот и пациентот, согласно со ергономските препораки за подобра и ефективна терапија. Инструментите за рачна и машинска обработка, исто така, се дел од ова поглавје. На крајот, авторите препорачуваат прашања за проверка на знаењето.

***Втората практична наставна единица*** ги опфаќа анатомо-морфолошките особености во оралната средина, надворешните и внатрешни елементи, ткива и органи битни за процена на квалитетот на оралното здравје, личната хигиена и системската здравствената состојба.

***Третата практична наставна единиц***, авторите се осврнуваат на клиничките и етиолошки елементи на кариозниот процес, класификацијата на истиот и методологијата на неговата дијагноза.

Во ***четвртата практична наставна единица*** се препораките за тераписката процедура на кариозните лезии, локализирани на одредени страни на забите, согласно со класификацијата на кариесот според локализација, предложена од Black.

Понатаму, во ***петтата практична наставна единица***, авторите продолжуваат со тераписките аспекти на кариесот кај втора класа и MOD препарација на кавитети по Black.

***Шестата практична наставна единица*** ја обработува методологијата на терапијата на кариозната лезија од трета класа по Black.

Со ***седмата практична наставна*** единица каде што се обработува санација на кариесот локализиран на апроксималните површини на фронталните заби, каде што е нарушен и инцизалниот агол, авторите препорачуваат разни тераписки методологии.

Всушност, со ова поглавје завршуваат објаснувањата и препораките на авторите за процесот на отстранување на кариесот и формирање на соодветни препарациони кавитети, кои понатаму треба да се реставрираат со дефинитивни коронарни реставрации.

***Осмата практична наставна единица*** ги презентира материјалите за чистење и тоалета на готовите кавитети, како и техниките и методологиите неопходни за обезбедување на суво работно поле и изолација во следниот чекор на поставување на реставрација.

***Деветтата практична наставна единица*** ги елаборира стоматолошките материјали кои се користат како индиферентна подлога, потоа различните лајнери и лакови како хемиски и физички изолатори во функција на заштита на пулпното забно ткиво. Во овој дел од ракописот авторите се осврнуваат и за практичната и апликативна можност на високо биолошките реставративни материјали – глас јономер цементите.

Во ***десеттата практична наставна единица*** на јасен и елоквентен разбирлив начин се елаборирани денталните атхезивни системи и нивната прецизна правилна употреба.

Авторите во ***единаесеттата практична наставна единица***на едноставен и практичен начин ги објаснуваат композитните смоли класификацијата и најважното нивната мануелна апликација, со цел да се добијат естетски и функционални реставрации.

Во последната ***дванаесетта практична наставна единица***, станува збор за денталниот амалгам, кој денес во дваесет и првиот век има ограничена употреба, но сепак претставува материјал од избор при одредени реставративни процедури.

По секоја практична наставна единица авторите прецизираат по неколку тест прашања преку кои студентите може да проверат колку теоретски ги совладале информациите за да може и практично, во клинички услови, на пациенти да ги имплементираат.

## ЗАКЛУЧОК

Предложениот ракопис ***Практикум по Клиничка кариологија 1*** на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира практичните наставни единици кои на студентите по дентална медицина ќе им овозможат лесен и смирен, но сигурен пристап кон пациентите и чекорите кои мора да ги реализираат на клиничките вежби. Ова е од огромно значење во текот на нивната едукација, ако се земе предвид дека во шести семестар по предметот Клиничка кариологија 1 за прв пат се среќаваат со работа на пациенти.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „Практикум по Клиничка кариологија 1” од вонреден професор д-р Ивона Ковачевска и асистент докторанд д-р Наташа Денкова како учебно помагало – практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лидија Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Златко Георгиев, с.р.**